Јавна здравствена установа
Институт за трансфузиона медицина
на Република Северна Македонија
Institucioni publik shëndetësor
Instituti për mjekësi të transfuzionit i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 02/44
24.02. 2020 год./viti
Скопје / Shkup

# ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ

**Мајка Тереза 17 Скопје тел.3226 923 факс 3119 -227**

www.itm.org.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ТРАНСФУЗИОНА МЕДИЦИНА НА РМ – Скопје ЗА 2019 ГОДИНА

Февруари, 2020

# И З В Е Ш Т А Ј
# ОД ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА
# ЈЗУ Институт за Трансфузиона медицина на РМ- Скопје
# за периодот од 01.01.2019 до 31.12.2019 година

## 1. Основни податоци за раководството и овластеното лице од установата:

| Менаџмент | Име и презиме | Статус | Назначен од |
|---|---|---|---|
| Директор лекар | Д-р.суб.спец. Седула Усеини | директор | од 29.03.2018 до 31.12.2019 |
| Директор економист | М-р Авни Исмаиљи | В.Д.директор | од 17.04.2013 до 16.12.2019 |

ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ е институција со основна дејност собирање, преработка и дистрибуција на крв и компоненти со седиште ул.Мајка Тереза бр.17 Скопје. Институтот е институција која ја врши својата дејност на целата територија организирана со Регионални центри подружници на целата територија на РМ во која на 31.12.2019 беа вработени 394 вработени во редовен работен однос и 5 времено вработени работници по основ на договор за дело.

Структура на вработени на 31.12.2019 година:

| Работно место | Број на работници на неопределено и определено време 2018 | Број на работници на неопределено и определено време 2019 | Број на вработени работници по договор за дело 2018 | Број на вработени работници по договор за дело 2019 |
|---|---|---|---|---|
| Доктор по медицина | 79 | 91 | 1 | 2 |
| Мед. Лаб.сест и фарм тех | 189 | 196 | 8 | 1 |
| Биолози, психол и др | 18 | 22 | 0 | 0 |
| Админис и технички перонал | 69 | 85 | 16 | 2 |
| **ВКУПНО** | **355** | **394** | **28** | **5** |

Во следната табела е прикажана структурата на вработени (вклучително и вработените кои се на боледување):

| Вработени | 31.12.2014 | 31.12.2015 | 31.12.2016 | 31.12.2017 | 31.12.2018 | 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Медицински кадар | 237 | 245 | 259 | 252 | 286 | 310 |
| Немедицински кадар | 45 | 71 | 67 | 67 | 69 | 84 |
| Вкупно | 282 | 316 | 326 | 319 | 355 | 394 |

**Констатација:**

- Од горенаведената табела може да се констатира дека вкупниот број на вработени во 2019 година е зголемен за 39 вработени при тоа птреба да се земе во предвид дека 8 вработени се заминати во пензија додека во Институтот се новорабоетни  47 вратботени.


УПРАВЕН ОДБОР
МЕНАЏЕРИ
Стручен колегиум
Одел за обезбедување и контрола на квалитет
ИТМ-СКОПЈЕ
Одел заеднички работи
Одделение за сметководствени-финансови работи
Одделение за јавни набавки
Одделение за кадровски и правни работи
Одделение за техничко одржување и сервисирање
Одделение за возен парк
Одел за планирање, организација и мотивација на крводарителство
Советувалиште за дарители на крв
Одел за имунохематолошки анализи и претрансфузиони испитувања
Одделение за молекуларна биологија и трансплантациона имунологија со информативен центар за трансплантација (ИЦТ)
Одел за хемостаза и тромбоза
Одделение за хемофилични испитувања и амбуланта
Центар за хемофилија
Одел за дарување
Одделение за посебни видови дарување (Афереза)
Центар за аферезно колекционирање на хематопоетски матични клетки од периферна крв
Одел за контрола на крв
Одел за преработка на крв
Одел за клиничка трансфузија и дистрибуција
СТМ Куманово
СТМ Велес
СТМ Кавадарци
СТМ Неготино
СТМ К. Паланка
СТМ ГАК Чаир
СТМ Хирургија Св. Н. Охридски
РЦ ШТИП
СТМ Кочани
СТМ Струмица
СТМ Гевгелија
РЦ ТЕТОВО
СТМ Гостивар
СТМ Кичево
СТМ Струга
РЦ БИТОЛА
СТМ Прилеп
СТМ Охрид
СТМ Св.Еразмо
СТМ Нефрологија

## 2.ПРИХОДИ И РАСХОДИ

Водењето на сметководството, деловните книги, сметководствените документи и обработката на податоците, признавањето на приходите и раходите, проценувањето на билансните позиции, револаризацијата, финансиските извештаи и други прашања во врска со сметководството во ЈЗУ Институтот за трансфузиона медицина на РМ се водени согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници односно врз основа на прописи кои важат (трезорски систем на работење) каде приходите и расходите се прикажуваат врз основа на наплатена реализација и согласно процедурите и сметководстевните политики кои ги има усвоено Институтот.

Сметките на Институтот се во Трезорот на ФЗОМ с-ка 100000000066005 и тоа:

| | |
|---|---|
| Буџетска сметка | 660250005273713 |
| Сметка сопствени средства | 660250005253149 |
| Сметка донации | 660250005248590 |

| | 2017 година | 2018 година | 2019 година | 2018/2019 % |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **761.300.663** | **690.477.975** | **791.565.292** | **114,64%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 431.000.000 | 416.228.000 | 463.216.000 | 111,29% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 331.300.663 | 273.520.228 | 327.619.545 | 119,77% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2017 година | 2018 година | 2019 година | % |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **759.315.183** | **689.258.369** | **789.721.603** | **114,57%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 431.000.000 | 416.228.000 | 463.216.000 | 111,29% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 328.315.183 | 273.030.369 | 326.505.603 | 119,58% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 0 | 0 | 0 | 0,00% |

| | 2017 година | 2018 година | 2019 година | % |
|---|---|---|---|---|
| **ДОБИВКА – ПРЕНОС ЗА НАРЕДНА ГОДИНА** | **3.715.227** | **1.219.606** | **1.843.689** | **151,17%** |
| • БУЏЕТСКА СМЕТКА | 0 | 0 | 0 | 0,00% |
| • СОПСТВЕНИ ПРИХОДИ | 2.985.480 | 489.859 | 1.113.942 | 227,40% |
| • ДОНАЦИСКА СМЕТКА | 729.747 | 729.747 | 729.747 | 100,00% |

| | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|
| **ПРЕСМЕТАН ДАНОК ПО ДБ** | **339.545** | **268.184** | **421.005** |
| **ПЛАТЕН ДАНОК АКОНТАЦ.** | **422.712** | **318.153** | **288.252** |
| **ДАНОК ЗА ПЛАЌАЊЕ** | **-83.167** | **-49.989** | **132.753** |

## АНАЛИЗА НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

### 2.1 Приходи во период од 2014 до 2019 година

А. ФЗОМ

| Приходи од ФЗОМ | 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 395.050.571 | 397.062.028 | 461.144.296 | 495.748.294 | 430.946.897 | **499.257.021** |
| Наплатено | 345.000.000 | 358.000.000 | 393.000.000 | 431.000.000 | 416.228.000 | **463.216.000** |
| Повеќе фактурирано | **50.050.571** | **39.062.028** | **68.144.296** | **64.748.294** | **14.718.897** | **36.041.021** |
| Вкупно повеќе фактурирано 2014-2018 год. | | | | | | **272.651.107** |

Наплатено од ФЗОМ 463.216.000
Фактурирано на ФЗОМ 499.257.021
**Повеќе фактурирано 36.041.021 (зазаписник отпис)**

***Приходи-Буџетски средства***

Во 2019 година Институтот има повеќе фактурирано до ФЗОРСМ во износ од ***36***.041.021 што изнесува за 7,7806 % повеќе во однос на конечно доделениот буџет за 2019 година
Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2019 изгледаат како што следи:

- 12,21% или 60.966.710 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 49,83% или 248.803.521 денари – специјалистика лабораторија
- 37.95% или 189.486.790 денари-лекови за лицата со хемофилија
  100% или 499.257.021 денари ВКУПНО

Структурата на услугите што ги извршува Институтот кон ФЗОМ во 2018 изгледаат како што следи:

- 14,89% или 64.153.910 денари -на пакети од прегледи во амбуланта,
- 45,12% или 194.445.929 денари – специјалистика лабораторија
- 39.99% или 172.347.058 денари-лекови за лицата со хемофилија
  100% или 430.946.897 денари ВКУПНО

За да ги задоволи потребите од лековите за болните од хемофилија Институтот набавуваше лекови за што се створени и обврски за плаќање кон добавувачите. Буџетот што ФЗОМ го доделува е недоволен да се покријат настанатите обврски по овој основ што може да се види и од подолу прикажаните табели. Овој износ заедно со повеќе фактурираното од минати години изнесува **272.651.107** денари во период од изминатите 6 години што ги објаснува обврските што ги има Институтот спрема добавувачите за лекови и кои на 31.12.2019 изнесуваат вкупно 150.410.012 денари.
Треба да се констатира дека доделениот буџет е недоволн да се задоволат сите потреби на пациентите. Посебен осврт треба да се даде на тоа дека буџетот е премал за обезбедување на лекови фактори на коагулација. Имено ако вкупниот доделен буџет изнесуваше 463.216.000 денари од кои буџетот за платите на вработените во ИТМ изнесуваат вкупно 223.789.750 денари тогаш за лекови фактори на коагулација останѕваат само 239.426.250 денари што е недоволно да се покријат пренесените долгови плус нововнабавените лекови во годината.

**Б. Сопствени приходи**

**По програми или други видови на приходи од Министерство за здравство**

| Приходи од буџет | Салдо + 2014 година | 2015 година | 2016 година | 2017 година | 2018 година | 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Фактурирано | 4.607.200 | 4.653.000 | 0 | 6.240.000 | 4.634.548 | 4.575.000 |
| Реализирано | 237.000 | 0 | 237.000 | 0 | 1.467.300 | 7.563.850 |

**Побарувањата од МЗ на 31.12.2019 година изнесува вкупно 15.204.598 денари. Фактурирањето кон МЗ се однесува главно по програми на лицата за хемофилија.**

**Остварените сопствени приходи се остварени од следниве приходи:**

| Конто | Приходи | За 2016 година – износ ден. | За 2017 година – износ ден. | За 2018 година – износ ден. | За 2019 година – износ ден. |
|---|---|---|---|---|---|
| 723019 | Приходи од обука и образование | 484.430 | 563.776 | 243.807 | **626.015** |
| 723220 | Приходи од крв и крвни деривати | 90.177.463 | 188.715.158 | 123.048.656 | **144.833.133** |
| 723819 | Приходи од здравствени услуги | 88.014.607 | 112.602.385 | 111.690.922 | **139.691.947** |
| 723911 | Приходи од закуп | 0 | 0 | 0 | **7.590** |
| 723922 | Приходи од наплатени штети | 0 | 37.504 | 0 | **0** |
| 725939 | Приходи од приватни пациенти | 9.398.581 | 9.653.166 | 10.928.952 | **10.445.821** |
| 7259391 | Останати приходи | 317.159 | 0 | 0 | **208.466** |
| 7259395 | Приходи од враб. (паркинг, казни и др.) | 220.602 | 138.799 | 185.906 | **379.829** |
| 7259397 | Приходи од погрешно платени обврс и вратени аванси. | 50.000 | 33.169 | 34.170 | **4.450** |
| 725946 | Приходи од партиципација | 17.862.640 | 18.993.727 | 20.511.390 | **23.347.160** |
| 741112 | Приходи од МЗ по програми | 230.700 | 0 | 1.467.300 | **7.563.850** |
| 741114 | Пренос на добивка од минати години | 481.076 | 562.179 | 2.985.480 | **489.859** |
| 744111 | Приходи од донации | 0 | 0 | 2.423.645 | **21.425** |
| **Вкупно сопствени приходи:** | | **207.237.258** | **331.300.663** | **273.520.228** | **327.619.545** |

***<u>Приходи-Сопствени средства</u>***

Институтот за трансфузиона медицина на РМ пред се е основан со главна дејност обезбедување на крв и крвни компонети на граѓаните на РМ. Со својата дејност е единствена таква институција во РМ. Своите сопствени приходи ги остварува токму од оваа дејнотст собирање, преработка и дистрибуција на крв и крвни компоненти на сите здравствени ЈЗУ и ПЗУ кои имаат потреба од нашите услуги при лекување на болните. Во 2019 година како што може да се забележи и од горната табела, Институтот оваа година бележи зголемување на сопствени приходи. Имено во 2019 година приходите се зголемени во однос на 2018 година во вредност од 54.099.317 денари. Ако се земе во предвид дека оваа година, во однос на минатата кога ФЗОМ ни помогна во наплатата на побарувањата со свој апел, може да се констатира дека ЈЗУ ИТМ одлично ги наплатуваше своите побарувања. Имено во однос на почетно планираниот финансики план кој изнесуваше 270.000.000 денари Институтот успеа да го натфрли за 57.619.545 денари или 21,34%. Ова пред се се должеше на преземените чекори од страна на службите окулу утужување, склучување на договори за солемизација и наплата на побарувањата.

***Приходи-Донации***

Во 2019 година сметката за донации немаше остварено никаков промет па единствен приход на оваа сметка согласно Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници представуваше пренесените на средства од минатата година во износ од 729.747 денари.

### 2.2 Расходи во 2016, 2017, 2018 и 2019 година

*Споредбена табела на остварени расходи :*

| Конто | Опис | Потрошено во 2016 година | Потрошено во 2017 година | Потрошено во 2018 година | Потрошено во 2019 година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 6 | | | |
| **40** | плати, наемнини и надоместоци | 196.764.928 | 200.185.692 | 204.061.476 | **232.135.655** |
| **420** | патни и дневни расходи | 2.360.261 | 2.152.360 | 1.409.828 | **1.110.790** |
| **421** | комунални услуги (греење, комун. транс.) | 11.305.553 | 12.044.970 | 12.111.379 | **14.906.223** |
| **423** | ситен инв., храна, лекови, мед. м-ли; канц.м-ли, | 341.691.263 | 483.137.462 | 394.876.381 | **459.974.531** |
| 423510 | лекови | 200.333.176 | 261.048.918 | 216.734.713 | 239.425.757 |
| 423590 | медицински материјали | 127.832.067 | 206.672.065 | 162.040.827 | 201.105.698 |
| 423**** | ситен инвентар, храна, канц, хигиена,и др | 13.526.020 | 15.416.479 | 16.100.841 | 19.443.076 |
| **424** | поправка и тековно одржување | 4.279.455 | 7.198.398 | 6.297.430 | **6.596.030** |
| **425** | договорни услуги | 22.922.257 | 42.176.805 | 43.576.846 | **33.452.257** |
| **426** | други тековни расходи | 3.744.217 | 1.603.101 | 2.480.283 | **1.209.734** |
| **465** | Исплати по извршни исправи | 0 | 2.805.928 | 0 | **0** |
| **480** | Купување на опрема и машини | 16.344.731 | 6.594.977 | 19.711.363 | **26.240.178** |
| **481** | Градежни објекти | 20.000 | 1.424.009 | 4.733.383 | **6.862.649** |
| **483** | Купување на мебел | 11.340 | 0 | 0 | **9.500** |
| **486** | Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 7.224.056 |
| **Вкупно** | | **599.444.379** | **759.315.183** | **689.258.369** | **789.721.603** |

Во текот на 2019 година има зголемување на расходите од работењето што се должи пред се на зголемување на приходите. Посебно зголемување на раходите има на конто 480 кај Купувањето на опрема и Конто 480 Градежни објекти што се должи на реновирањето на Институтот а посебно на делот Преработка на крвта и крвните продукти. Зголемување на расходите се бележи и на потрошувачката на лекови и медицински средства пред се поради зголемен обем како и плажање на акумулирани обврски од минати години. Потрошувачката евидентирана на конто 425 Договорни услуги се должи на извршени компензации со ЈЗУ низ РМ каде има склучени договори за услуги (режиски трошоци, поправки и сл.) Треба да се напомене дека сите подружници на Институтот се наоѓаат во објектите на ЈЗУ и како дел од нив учествуваат во нивните одржувања и тековни трошоци а ние вршиме дистрибуција на крв и крвни компонети и услуги па отаму доаѓаат и меѓусебните побарувања/обврски. Во 2019 година Институот набави 5 нови специјализирани возила за транспорт на крв и крвни продукти и пренос на лекови кои се опремени со опрема која обезбедува ладен ланец на нашите продукти а со самото тао и поквалитетни продукти.

**Структура на конто 425: Договорни услуги**

| Конто | Опис | Износ на 31.12.2016 год. | Износ на 31.12.2017 год. | Износ на 31.12.2018 год. | Износ на 31.12.2019 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| 425130 | Изнајмување на друг тип простор | 0 | 220.936 | 382.119 | **217.630** |
| 425220 | Банкарска провизија | 267.064 | 296.013 | 289.423 | **303.556** |
| 425230 | Осигурување на вработени | 71.452 | 10.915 | 33.546 | **40.853** |
| 425250 | Осигурување на недвижности и права | 334.732 | 410.246 | 94.119 | **135.750** |
| 425260 | Осигурување на моторни возила | 216.800 | 147.104 | 112.460 | **89.881** |
| 425310 | Правни-адвокатски услуги | 598.884 | 618.691 | 605.213 | **740.230** |
| 425320 | Судски вештачења | 56.720 | 113.007 | 4.122 | **60.000** |
| 425360 | Плаќања на судски такси | 386.868 | 616.427 | 68.575 | **1.382.474** |
| 425490 | Здрав. Услуги на осигуреници | 549.282 | 436.390 | 356.999 | **515.663** |
| 425790 | Други образовни услуги | 875.803 | 1.448.127 | 1.554.073 | **1.757.054** |
| 425910 | Преведување | 94.087 | 67.223 | 11.849 | **163.273** |
| 425920 | Услуги за копирање и печатење | 31.724 | 14.954 | 13.196 | **13.521** |
| 425970 | Консултантски услуги | 590.452 | 628.700 | / | **898.350** |
| 425980 | Надзор за градезни работи | | | 70.092 | **163.548** |
| 425990 | Др. Неспо .дог. услуги-компезации со ЈЗУ | 13.105.843 | 32.576.840 | 27.429.465 | **17.641.495** |
| 4259901 | Др.договорни услуги | 0 | 0 | 0 | **0** |
| 4259902 | Управен одбор-надворешни членови | 330.000 | 302.100 | 154.000 | **168.000** |
| 42599022 | Пероналeн данок – чл.на У.О. | 36.663 | 33.330 | 16.672 | **18.672** |
| 4259903 | ДОГОВОР ЗА ДЕЛО | 4.838.461 | 3.811.263 | 10.508.634 | **7.896.989** |
| 42599033 | Персонален данок дог дело | 537.522 | 424.539 | 1.167.621 | **807.544** |
| 4259904 | Терен на лица дог дело | / | / | 619.800 | **394.000** |
| 42599044 | Персонален данок терен надвор | 0 | 0 | 68.868 | **43.774** |
| | **Вкупно за конто 425** | **22.922.257** | **42.176.805** | **43.576.846** | **33.452.257** |

Во однос на 2018 година во 2019 година има значително намалување на расходите за Договори за дело што се должи на намалување на бројот на договорите дело поради запослување на вработените кои биле на договор за дело. Намалување има и на контото Др.неспом.услуги на кое конто се евидентирaa компензациите со ЈЗУ во вредност од 9.787.970 денари.

Вкупните расходи од Конто 425 Договорни услуги генерално бележат зголемување во однос на 2018 година за 3.3% или за 10.124.589 денар.

Зголемување на контото Плаќање на судски такси кое се должи на плаќањата по основ на тужби од добавувачите и покривање на нивните трошоци за покренати постапки пред судските органи

**Структура на конто 426: Други тековни расходи**

| Конто | Опис | Износ на 31.12.2016 год. | Износ на 31.12.2017 год. | Износ на 31.12.2018 год. | Износ на 31.12.2019 год. |
|---|---|---|---|---|---|
| 426110 | Членарина мегународни организации | 0 | 0 | 0 | **28.220** |
| 426120 | Членарина домашни организации | 89.000 | 98.640 | 88.600 | **77.100** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 1.564.517 | 875.047 | 424.289 | **113.680** |
| 426310 | Семинари | 127.953 | 148.104 | 41.833 | **96.700** |
| 426410 | Објавување на огласи | 421.513 | 324.379 | 312.285 | **409.327** |
| 426990 | Др,оперативни трошоци – повраќај на пари | 1.348.004 | 121.065 | 166.678 | **245.951** |
| 4269900 | Др,опратив трошоци - повраќај на донации | 0 | 0 | 1.211.612 | **0** |
| 4269904 | Аконтација данок на добивка | 153.048 | 0 | 234.986 | **238.263** |
| 4269908 | Пер.данок – Сопствено возило | 40.182 | 35.619 | 0 | 0 |
| **Вкупно за конто 426** | | **3.744.217** | **1.602.854** | **2.480.283** | **1.209.241** |

Во **2018 година** на конто 426 - Други тековни расходи изнесуваат вкупно 1.209.241 денар што е за 1.271.042 денари во помалку во однос на 2018 година.

## 3. ПОБАРУВАЊА И ОБВРСКИ

### 3.1 Анализа на побарувања на ЈЗУ

| ПОБАРУВАЊА | | Состојба на 31.12.2016 | Состојба на 31.12.2017 | Состојба на 31.12.2018 | Состојба на 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| Конто 1200 | Побарувања од Министерство за здравство | 8.786.200 | 15.026.200 | 18.193.448 | **15.204.598** |
| Конто 1220 | Побарувања од ЈЗУ Општи Болници, Здравствени домови | 235.498.877 | 199.529.906 | 174.718.859 | **171.316.640** |
| Конто 1221 | Побарувања од ЈЗУ Универзитетски клиники | 203.492.246 | 176.467.419 | 197.006.677 | **173.020.206** |
| Конто 1222 | Побарувања од купувачи- сите останати | 163.499 | 87.500 | 158.958 | **88.870** |
| Конто 1224 | Побарувања од ПЗУ | 6.602.599 | 4.899.421 | 8.200.555 | **11.005.579** |
| Конто 1226 | Побарувања од нездравствени услуги | 0 | 0 | 0 | **137.344** |
| Конто 1229 | Спорни – сомнителни побарувања | 4.708.780 | 3.473.615 | 3.473.615 | **3.473.615** |
| Конто 1300 | Аванси | 41.712 | 36.700 | 0 | **0** |
| Конто 1509 | Краткорочни побарувања (од враб. за сл. пат) | 69.431 | 40.533 | 17.199 | **33.011** |
| Конто 1740 | Аконтации за данок од добивка | 837.914 | 422.712 | 318.153 | **288.252** |
| **Вкупно** | | **460.159.546** | **399.983.926** | **402.087.464** | **374.568.115** |

Побарувањата на Институтот во однос на 2018 година изнесува помалку за 27.519.349 денари што се должи на зголемената наплата на побарувањата, пред се побарувањата од минатите години.

Институтот има превземено активности за утужување на ненаплатените побарувања, дел од постапките се завршени, дел се во тек, а со дел од добавувачите се склучени договори со нотарски акт со дефиниран начин на наплата. После превземањето на овие активности побарувањата посебно се намалија побарувањат од ЈЗУ Универитетските клиники. Оваа година после склучените договори за солемизација, кои доследно ги почитуваа, се намли побарувањата од нив за износ од 23.986.474. денарт. Зголемениот обем на наплата ги намали обврските на Институтот према добавувачите што е евидентно во делот Обврски.

## 3.2 Анализа на обврските на ЈЗУ

Табела на обврски:

| Р. Бр. | Назив на добавувач кон кој ЈЗУ има обврска / долг | Обврски 31.12.2016 | Обврски 31.12.2017 | Обврски 31.12.2018 | Обврски 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | ЈЗУ КЛИНИКИ | 920.636 | 237.668 | 700.310 | **231.858** |
| 1.2 | ЈЗУ ОПШТИ БОЛНИЦИ И ЗД | 24.046.199 | 13.341.680 | 5.024.386 | **4.794.261** |
| | ***ВКУПНО ЈЗУ*** | ***24.966.835*** | ***13.579.348*** | ***5.724.696*** | ***5.026.119*** |
| 2.1 | **Добавувачи за основни средства** | 7.000.877 | 1.098.484 | 7.874.099 | **10.633.544** |
| 2.1 | **Добавувачи за лекови** | 258.972.870 | 243.521.150 | 203.147.912 | **150.410.012** |
| 2.2 | **Други добавувачи материјали** | 138.794.769 | 110.326.797 | 148.440.794 | **155.426.844** |
| | ***ВКУПНО добавувачи*** | ***404.768.516*** | ***354.946.431*** | ***359.462.805*** | ***316.470.400*** |
| 3.1 | *Вкупно останати обврски* | *6.946.263* | *6.239.678* | *75.897* | *96.563* |
| | **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **436.681.614** | **361.186.109** | **365.263.398** | **321.593.082** |

Обврските на ЈЗУ се намалија во однос на 2018 година за 43.670.316 денари што преставува голем напредок во однос на намалување долгот на Институтот. Обврските се намалија пред се поради зголемената наплата на побарувањата кои директно се рефлектираа и на знамалување на обврските.

Намалување на обврските за лекови кои Институтот ги имаше се намлија за 52.737.900 денари што преставува огромен напредок во сервисирањето на обврските за лекови што се должи пред се на зголемување на буџетот од страна на ФЗОРМ како и од добиении донации на лекови кои влијаеа на нествстварање на нови обврски од овој тип.

Зголемување на обврските за основни средства во износ од 2.759.445 се должи на реконструкција на одделот за продукција на крвта и крвните деривати како и на докомплетирање на опремата потребна за софтверот е-Делфин кои сега се поставува на целата територија на РМ и воведување на нова медицинска опрема како и набавка на нови специјализирани возила за дитрибуција на крв и крвни продукти како и воведување на нови технологии и прилагодување на опремата соглано стандардите на ЕУ. Зголемувањето на обврските за Медицински материјали и реагенси, во износ од 6.986.050 денари, пред се се должи на воведување на нови техники за изработка на услуги кон пациентите со кои се овозможи поквалитетна и побрза услуга.

Во 2019 година имаме Договор за солемизација и тоа со добавувачот Др. Пановски кон кого имаме долг на 31.12.2019 година во износ од 37.711.5484. Договори за солемизација имаше и со добавувачот Авицена со кои исто така се склучи договор каде добавувачот се откажа од каматни побарувања а долгот се исплаќа на рати.Висината на долгот на 31.12.2019 година изнесуваше 58.881.797 денари.

## 4. Состојба на Сметките-паричните средства

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2016 * | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * |
|---|---|---|---|---|
| Износ | 0 | 0 | 0 | **0** |

**буџетска сметка*

| Салдо на сметка (збирно во денари) | 31.12.2016 * | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * |
|---|---|---|---|---|
| Износ | 562.179 | 2.985.480 | 489.859 | **1.113.792** |

**сопствена сметка*

| Салдо за донации (збирно во денари) | 31.12.2016 * | 31.12.2017 * | 31.12.2018 * | 31.12.2019 * |
|---|---|---|---|---|
| Износ | 729.747 | 729.747 | 729.747 | **729.747** |

**сметка донации*

## 5. НАБАВЕНИ И ПОТРОШЕНИ ЛЕКОВИ, МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ И ГОТОВИ ПРОИЗВОДИ,

### 5.1 Набавка и потрошувачка на лекови и медицински материјали

#### 5.1.1 Преглед на набавени лекови и медицински материјали

| Конто | Назив на материјалот | Набавени во 2016 | Набавени во 2017 | Набавени во 2018 | Набавени во 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 249.498.686 | 246.161.838 | 236.679.935 | **192.357.835** |
| 310550 | Санитетски материјали | 1.101.986 | 921.650 | 830.783 | **1.735.164** |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 122.347.991 | 149.152.049 | 161.954.093 | **177.594.807** |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 26.039.353 | 32.442.807 | 38.710.918 | **31.995.738** |
| | **Вкупно** | **398.988.016** | **428.678.344** | **438.175.729** | **403.683.544** |

#### 5.1.2 Преглед на издадени лекови и медицински материјали

| Конто | Назив на материјалот | Потрошено во 2016 | Потрошено во 2017 | Потрошено во 2018 | Потрошено во 2019 |
|---|---|---|---|---|---|
| 310510 | Лекови- фактори | 261.479.467 | 238.616.313 | 231.110.027 | **199.113.126** |
| 310550 | Санитетски материјали | 1.127.516 | 918.328 | 828.104 | **1.544.833** |
| 310590 | Реагенси-Аптека | 122.523.288 | 147.206.483 | 165.001.332 | **179.796.671** |
| 310591 | Други лабораториски Материјали | 29.760.537 | 33.735.805 | 39.297.742 | **32.196.365** |
| | **Вкупно** | **414.890.808** | **420.476.929** | **436.237.205** | **412.650.995** |

Споредбено со 2018 година може да се види дека набавката и потрошувачката на лекови-фактори на коагулација во 2019 е намалена при набавка зво вредност од 44.322.100 денари додека обемот на потрошувачка е намален за 31.996.901 денари. И покрај намалувањата на обемот на лекови во 2019 година немаше недостато на лекови за хемофилија а залихите беа на оптимално ниво.
Во однос на другите реагенси и медицински материјали нема поголеми отстапки во однос на 2018 година. Во 2019 немаше недостатоци на реагенси за редовно аработење на Институтот.

**5.2 Залихи на готови производи**

Залихата на готовите производ на 31.12.2019 година е во вкупен износ од 22.893.1200 денари што покажува дека има доволни количина на готови компоненти на крв за потребите на пациентите во РМ. Во 2019 година Институтот има преработено крв во вредност од 148.209.880 денари а дистрибуирано до клиникте и општите болници во износ од 125.212.856 денари или 10.434.405 денари месечно. Во 2019 година немаше недостаоци на крв и крвни компоненти. Во 2019 година се докомлетира и Софтверот за евиденција на патот на крвта и крвните компоненти е-ДЕЛФИН што веруваме дека ќе дојде до подобра контрола и квалитетот на целокупниот процес на крвта и крвните компоненти како во делот на квалитетот на компонентите и сигурната крв така и во делот на евидентирање како и финансиска евиденција на истите.

## 6. ЈАВНИ НАБАВКИ

Од страна на здравствената установа изработени е план за јавни набавки за 2019 година, согласно правилникот за формата, содржината и начинот на изготвување на годишниот план за јавни набавки и истите се донесени со Одлуки на управен одбор како и измените на Годишниот план за ЈН кои се спроведени во текот на годината.

Во ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија – Скопје има одделение за Јавни набавки во кој се вработени 2 (две) лица за јавни набавки кои се обучени за вршење на работите од областа на јавните набавки и две лица кои дополнително се вклучуваат во работењето на одделениета согласно потребите.
Во ЈЗУ соодветна потврда за положен испит имаат две лица за јавни набавки.
ЈЗУ Институт за трансфузиона медицина на Р.Македонија - Скопје , постапките за набавка ги спроведува самостојно.
Во 2019 година спроведени се вкупно 79 набавка што е за 14 постапки повеќе во однос на 2018 година и склучени се договори во вкупна вредност од 537.383.953 денари. Од вкупниот број на набавки 24 биле спроведени со отворена постапка, 34 со поедноставена отворена постапка и 19 со постапка од мала вредност како и24 постапки со преговарање согласно ЗЈН.
Од спроведените постапки се склучија вкупно 90 договори.
Направени се заштеди во однос на проценетата вредност во износ од 29.459.158 денари.

**Директор-лекар на ЈЗУ**
Д-р.суб.спец. Седула Усеини ________________________,

**ВД Директор економист**
М-р Венко Стомнароски ________________________,

**Раководител на оддел за општи и заеднички работи**
Дипл. Екк. Бојан Делчев ________________;

**Раководител на одделение за јавни набавки**
Дипл. Екк.Боби Божиновски ________________________